коишто произлегуваат од овде, на која било трета страна, без претходна писмена согласност од страна на мобилниот оператор, освен податоците кои договорниот орган мора да ги објави согласно со позитивните прописи кои ги регулираат јавните набавки.

## ПРОМЕНИ НА ДОГОВОРОТ

### Член 14

Носителот на набавката има обврска за известување на договорниот орган за планираните измени за условите од овој договор, во рок не пократок од 30 дена пред воведување на измените.

Се смета дека договорниот орган се согласил со промената на условите на договорот доколку во периодот на известувањето, писмено не го извести носителот на набавката дека го раскинува договорот.

Раскинувањето на договорот не го ослободува договорниот орган од плаќање на пристигнатите и неплатени обврски или исполнување на договорените обврски, пристигнати пред извршените измени во условите на овој договор.

## РАСКИНУВАЊЕ НА ДОГОВОРОТ

### Член 15

Договорниот орган може да го раскине договорот, со претходно писмено известување на носителот на набавката, најмалку 30 дена пред датумот на раскинување на договорот, при што е должен да ги изврши сите обврски за плаќање кои ги има кон носителот на набавката, за извршени услуги согласно овој договор.

Носителот на набавката може да го раскине договорот, поради неисполнување на обврските на договорниот орган предвидени со овој договор и тоа:

- Доколку јавната комуникациска услуга се користи или е наменета да се користи за цел спротивна на условите од овој договор,
- Доколку договорниот орган ја користи претплатничката услуга за обезбедување на комуникациската услуга на трети лица за надомест, спротивно на условите содржани во законот или други закони или прописи, констатирани од страна на надлежен орган, и без писмен договор со носителот на набавката,
- Со судска одлука за бришење од трговски регистар,
- Во случај на стечај, реорганизација, ликвидација или неликвидност на договорниот орган,
- Доколку носителот на набавката не е во состојба да ги обезбедува услугите поради дејство на Виша сила подолго од 15 дена
- Доколку Договорниот орган не ги плаќа редовно фактурите издадени од страна на Носителотна набавката.

### Член 16

Доколку бројот нафиксна телефонија и интернет со веб хостингкои ги користи договорниот орган падне под договорениот минимум, согласно со условите од тендерската документација, договорниот орган се обврзува на носителот на набавката да му исплати еднократна договорна казна во износ од 3.540,00 денари засекоја деактивирана фиксна линија и 7.080,00денари за секој деактивиран интернет приклучок и 28.320,00денари за секоја деактивирана web hosting услуга.

## ВИША СИЛА

### Член 17

Користењето на услугите кои ги обезбедува носителот на набавката може да биде прекинато поради дејство на Виша сила. Под Виша сила се подразбира